РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

12-6947/4
16-01-2024

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по сопствена иницијатива, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 98-мата седница одржана на 11.01.2024 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Постапката по предметот со број 12-6947/1 од 12.07.2022 година, оформен по сопствена иницијатива - по допрен глас за наводи за селективност во изборот на детални урбанистички планови опфатени со одлука за мораториум на градба на Општина ///, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување - околностите на состојбата за којашто е оформен предметот се промeнети.

Предметот со број 12-6947/1 од 12.07.2022 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК, во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Државната комисија за спречување на корупцијата отвори предмет по сопствена иницијатива - по допрен глас за наводи за селективност во изборот на детални урбанистички планови опфатени со одлука за мораториум на градба на Општина /// донесени во периодот од 2017 година до 2022 година.

Заради прибирање на информации за текот на постапката и за начинот на одлучување од страна на органите на општината во однос на тоа кои планови ќе бидат опфатени со одлуките за мораториум донесени во периодот од 2017 година до 2022 година, ДКСК достави барање за доставување податоци и информации до Општина ///.

Од увидот во податоците, информациите и документацијата доставени од Општина /// на барање на ДКСК, утврдена е следната фактичка состојба:

На ден 27.12.2017 година на предлог на Градоначалникот на Општина ///, до Советот на Општината била доставена Предлог-одлука за запирање на спроведување на 31 детален урбанистички план за подрачјето на Општина ///, за што била запознаена и јавноста.

Причините за доставувањето на предлогот биле содржани во образложението на истиот, каде било наведено дека урбанистичко-планската документација за деталните урбанистички планови не е во согласност со Генералниот урбанистички план; дека планскиот период на којшто се однесуваат деталните урбанистички планови бил изминат; дека при донесувањето на голем дел од деталните урбанистички планови не бил изготвен извештај за стручна расправа и јавна анкета со содржано образложение за неприфатените

забелешки од страна на општината. Меѓу другото, во предлогот било истакнато и дека целта на истиот била доследна примена на сите прописи по кои треба да се постапува.

Имајќи го предвид образложениeто, Советот на Општина /// го прифатил предлогот, при што во периодот од 27.12.2017 година до 13.12.2018 година биле донесени шест одлуки за запирање на спроведувањето на деталните урбанистички планови, сите објавени во Службен гласник на Општина ///, при што биле донесени и решенија за објавување на одлуките за запирање на спроведувањето на деталните урбанистички планови. Дополнително, страна на Советот на Општина /// била донесена и Одлука за начинот на применување на деталните урбанистички планови од 27.03.2019 година, која била објавена во Службен гласник на Општина ///.

Сите одлуки биле донесени од страна на советот на Општина ///, врз основа на одредбите од Законот за локална самоуправа, во врска со одредбите од ///, Законот за просторно и урбанистичко планирање, а согласно Статутот на Општина /// и Деловникот за работа на Советот на Општина ///.

Со донесените Решенија за објавување на одлуките за запирање на спроведувањето на деталните урбанистички планови, се запираат постапките за издавање на одобренија за подготвителни работи и постапките за издавање одобренија за градење во границите на урбанистичко – планските документации опфатени во предметните детални урбанистички планови.

Од горенаведеното, ДКСК утврди дека околностите на состојбата за којашто е оформен предметот се променети и истата е надмината, поради што ДКСК нема елементи за натамошно постапување согласно нејзините надлежности утврдени во Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси.

Следствено, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Одобрил: Г.Т., член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик - претседател**
**Софка Пејовска Дојчиновска**